# Испит: Испит за проверка на имплементација на стручното знаење на стручните работници од областа на социјалната заштита – практичен дел – студии на случај

**СТУДИЈА БР. 1**

Виолета е на возраст приближно на 17 години, од место од внатрешноста на Македонија. Таа е дете без родители и родителска грижа, бидејќи нејзините родители починале уште кога била многу мала.

Израснала со нејзината баба, која сега има 89 години, и во последните 4 години е неподвижна, со нарушена здравствена состојба.

Виолета не е сигурна за датумот на своето раѓање и не посетува настава.

Пред неколку месеци таа ја напуштила бабата и формирала вонбрачна заедница со Петар кој има 21 година и живее со својата мајка. Тој почнал да ја присилува Виолета да дава сексуални услуги на разни лица, за да може неговото семејство да преживее, бидејќи воопшто немаат никаков приход. Често била тепана од негова страна.

Бабата не знае каде е Виолета и не може да го пријави нејзиното исчезнување, бидејќи е сама и неподвижна.

Полицијата ја затекнува Виолета во присуство на Петар како прима пари од муштерија, а во тој момент Петар ја удира со тупаници и и нанесува видливи повреди по лицето и телото. Виолета целата е облеана во крв. Полицијата го известува Центарот за социјална работа, дека Виолета е жртва на трговија со луѓе.

1. **По добиеното известување од Министерството за внатрешни работи, центарот за социјална работа превзема мерки за заштита:**

2. **Во случај на несигурност за возраста на Виолета, се додека се чека да се потврди нејзината возраст, се смета дека таа е:**

3. **За старател на Виолета може да биде поставено:**

4. **Старателот на Виолета, е должен да се грижи за неа како:**

5. **По добиеното известување од Министерството за внатрешни работи, центарот за социјална работа, мерките за заштита на детето ги презема:**

**СТУДИЈА БР. 2**

Искра има 15 години, и потекнува од село во внатрешноста на Македонија. Таа е дете без родители и родителска грижа, бидејќи нејзините родители починале во сообраќајна несреќа кога Искра наполнила 3 години.

Израснала со нејзината баба, која сега има 83 години, пензионер, со пензија во износ од 10.000 денари. Бабата во последните 2 години е неподвижна, со нарушена здравствена состојба.

Пред неколку месеци Искра заминала од кај баба и и започнала да живее со Иван, кој има 20 години и живее со својата мајка и брат. Иван веднаш почнал да ја присилува Искра да дава сексуални услуги на неговите пријатели и на тој начин да обезбеди средства за егзистенција за неговото семејство. Иван и неговиот брат физички и психички ја малтретирале Искра.

Бабата на Искра, не знае каде е таа, и не може да го пријави нејзиното исчезнување, бидејќи е сама и неподвижна.

Искра последниот период поради видливи траги од насилство, не ја посетува наставата. Педагошката служба на училиштето пријавила во центарот за социјална работа дека Искра не посетува настава.

Центарот ја известува полицијата, којашто ја затекнува Искра во присуство на Иван и неговиот брат, како прима пари од муштерија, а во тој момент Иван ја удира со клоци и и нанесува видливи повреди по лицето и телото. Искра целата е облеана во крв. Полицијата повратно го известува Центарот за социјална работа, дека Искра е пронајдена и дека истата е жртва на трговија со луѓе.

1. **По добиеното известување од Министерството за внатрешни работи, центарот за социјална работа ги презема следните мерки за заштита:**

2. **За старател на Искра, може да биде поставено:**

3. **По извршениот увид во домот на бабата и констатација дека таа е сама и неподвижна, центарот може бабата да ја смести во:**

4. **По извршениот увид во домот на бабата и констатација дека таа е сама и неподвижна, центарот може по службена должност да поведе постапка за остварување на право на:**

5. **Во случај на несигурност за возраста на Виолета, се додека се чека да се потврди нејзината возраст, се смета дека таа е:**

**СТУДИЈА БР. 3**

Славица е родена 1938 година во село. Живеала со своите родители како единствено дете, со пречки во говорот и слухот. Со текот на времето слухот се повеќе и се влошувал и според моменталната состојба, оштетувањето на слухот е 90 db. Таа нема пари и можности да си купи слушен апликатор.

По смртта на родителите останала да живее сама, како корисник на семејна пензија од 8000 денари месечно. Сама се грижела за себе, а и помагале и подалечни роднини.

Селото постепено почнале да го напуштаат луѓето што живееле во него и таа останала да живее сама. Селото е доста одалечено и преку зима, кога има поголем снег не може да се дојде до селото.

Куќата во која живее е сопственост на нејзиниот вујко, кој со семејството заминал да живее во Австралија. Изградена е од камен, без санитарен чвор, без апарати за домаќинство (фрижидер, шпорет,) и со незапазена хигиена.

Последната информација добиена во ЦСР е од поштарот, кој и ја носи пензијата, дека Славица е во многу лоша здравствена состојба, неподвижна, изнемоштена и гладна.

1. **По извршениот увид во домот на Славица и констатација дека таа е сама и неподвижна, центарот може да ја смести во:**

2. **По извршениот увид во домот на Славица и констатација дека таа е сама и неподвижна, центарот може по службена должност да поведе постапка за остварување на право на:**

**3. Доколку за Славица се поведе постапка за остварување на право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, потребата за помош и нега од друго лице ја утврдува:**

**4. Според Процедурите за постапување при сместување на корисник во установа за социјална заштита, центарот за социјална работа, согласно активностите во Планот за индивидуална работа со Славица, сместувањето и заштитата на Славица во установата за стари лица, ќе го следи преку:**

**5. Според Процедурите за постапување при сместување на корисник во установа за социјална заштита, при сместувањето на Славица во установа за социјална заштита на стари лица, покрај тоа што се доставува стручна и лична документација за Славица, се изготвува и:**

**СТУДИЈА БР. 4**

Бети е ученичка во трета година во средно текстилно училиште и има 17 години. Живее само со својата мајка, која скоро секој ден е отсутна од дома бидејќи чисти станови, за да може да обезбеди егзистенција. Понекогаш некои од госпоѓите каде што работи и даваат намирници од храна и облека.

Класниот раководител на Бети се вика Тони. Тој има 43 години, оженет е и има две деца. Тони предава математика, предмет кој најслабо и оди на Бети и по кој има слаба оценка. Нема можност да зема дополнителни часови бидејќи нема пари. Еден ден, на големиот одмор, Тони ја повикал Бети и кажал дека може да и дава бесплатни часови, за да може да ја поправи оценката. И закажал средба наредниот ден по часовите во неговата викендичка. Но наместо часови, тој почнал да ја допира, а потоа и ја силувал.

Ваквите случувања потоа се повторувале во текот на целиот месец и се случувале во викендичката на професорот, во која никој не живеел. Оценките на Бети и биле поправени, но не само од Тони туку и од други тројца професори блиски негови другари. Еден ден во викендичката дошле и тие професори, прво еден по еден, а потоа сите заедно со Тони. Се изживувале врз Бети, а таа не смеела никому да каже за тоа. Потоа во текот на наредниот месец, тие постојано ја земале по часовите и ја носеле во викендичката каде доаѓале и други луѓе кои воопшто не ги познавала, а кои ги преставувале како пријатели на професорите. Тие за услугата им давале пари, понекогаш на Тони, понекогаш на другите професори, зависно кој бил со Бети во викендичката.

Мајка и на Бети ништо не знае бидејќи Бети не смее никому да каже што и се случува. Професорот Тони и се заканувал на Бети дека ако каже на некого, тој ќе среди да ја затворат нејзината мајка, бидејќи работи на црно и не го пријавува приходот од чистењето, а исто така ќе среди и Бети да ја избркаат од училиште.

Бети прави обид за самоубиство, болницата пријавува до полиција, а полицијата до ЦСР.

**1.По добиеното известување од Министерството за внатрешни работи, центарот за социјална работа ги презема следните мерки за заштита:**

**2.Во каков вид на установа за вонинституционална заштита може да биде сместена Бети, од страна на центарот за социјална работа:**

**3.За старател на Бети може да биде поставено/а:**

**4.По добиеното известување од Министерството за внатрешни работи, центарот за социјална работа, мерките за заштита на детето ги презема:**

**5.Старателот на Бети, е должен да се грижи за неа како:**

**СТУДИЈА БР. 5**

Африм е роден 1971 година во село Чегране. По националност е албанец, има завршено основно образование, работел приватно како физички работник.

Ениса е родена во 1974 година, по националност е албанка, има завршено основно образование, повремено е вработена како продавачка во бутик.

Африм и Ениса склучиле брак во 1994 година, и останале да живеат во Чегране. Во бракот се родиле 2 деца, синот Елмедин роден 1999, и ќерката Бесарта родена 2001 година. Уште на почетокот на брачната заедница на Африм и Ениса се јавиле недоразбирања и проблеми. Во текот на бракот, тој останал без работа. За да може да се грижи за семејството, тој често заминувал во странство и повремено работел таму. Ениса не можела да се справи со секојдневните обврски сама и често влегувала во расправии со семејството на Африм. Исто така, таа се сомневала дека тој има вонбрачна врска со друга жена во странство, бидејќи многу ретко ѝ се јавувал и ретко разговарал со неа.

И во времето кога се заедно дома, тие многу често се расправаат и имаат многу лоша комуникација. Честите конфликти и немањето желба на Ениса да се прилагоди во семејството на Африм ја натерале да ја напушти брачната заедница. При тоа, таа ги оставила малолетните деца бидејки заедно со децата нема да биде прифатена од страна на нејзините родители.

Сега Африм со децата живее во семејната куќа во сопственост на неговиот татко. Куќата е на два спрата, со шест добро опремени простории. Поседуваат и поголемо дворно место кое е исто така уредено. Ениса се вратила во куќата на своите родители и поднела тужба за развод на брак.

1. **Во случајот на Африм и Ениса, по поднесената тужба за развод на брак, постапката за мирење ја спроведува:**

2. **Во случајот на Африм и Ениса, центарот за социјална работа е должен да ја заврши постапката за мирење на брачните другари во рок од:**

3. **Доколку Ениса поднесе барање за регулирање на личните односи и непосредните конктакти со нејзините деца, центарот за социјална работа ќе донесе решение, ако за тоа не успеат да се согласат со Африм, во рок од**:

4. **При определување на личните односи и контакти на Ениса со нејзините деца, центарот за социјална работа ги информира децата и:**

5. **Во случајот на Африм и Ениса, доколку малолетните деца бидат доверени на Ениса, а Африм замине на работа во странство, личните односи и непосредни контакти со нивните баба и дедо по татко, односно родителите на Африм, ги регулира:**

**СТУДИЈА БР. 6**

Агим е роден 1980 година во Куманово. По националност е албанец и со основно образование, но го наследил занаетот од дедо му и во Куманово работел приватно во фабрика за производство на кондури.

Тој на 25 години, ја запознава Емина и се вљубува во неа. Таа има завршено високо образование, и работи како наставничка во едно основно училиште. Кратко време по нивното запознавање тие стапуваат во брак и им се раѓаат 2 деца Санела и Орхан. Тие сега имаат 2 години.

Иако во почетокот љубовта ги покривала разликите во нивното образование и начин на размислување, сега Емина сака да се врати на работа, по 2 годишното боледување, додека Агим смета дека таа треба да остане дома и да се грижи за децата, па затоа ја принудува да даде отказ.

Емина неможе да го издржи притисокот што Агим и го наметнува и решена е по секоја цена да се врати на работа, еден ден ги зема децата и заминува во семејната куќа на нејзините родители, кои живеат во странство.

Знаејќи дека Агим нема да ја остави на мира, поднесува и тужба за развод на бракот.

1. **Во случајот на Агим и Емина, по поднесената тужба за развод на брак, постапката за мирење ја спроведува:**

**2. Во случајот на Агим и Емина, центарот за социјална работа е должен да ја заврши постапката за мирење на брачните другари во рок од:**

**3.Одговорниот стручен работник, по добивањето на предметот за Емина и Агим, според Процедура за раководење со предмет, ги реализира следните активности :**

**4.Доколку Агим поднесе барање за регулирање на личните односи и непосредните контакти со неговите деца, центарот за социјална работа ќе донесе решение, ако не успеат да се согласат со Емина во рок од**:

**5.Според Процедурата за постапување при нарушени партнерски и брачни односи, на првата информативна средба, со цел објаснување на правните аспекти во постапката, кои се однесуваат на заштита на интересите и правата на Санела и Орхан, задолжително присуствува и:**

**СТУДИЈА БР.7**

Марко е дете со пречки во развојот. Неговите родители уште во раното детство забележувале одредни отстапувања во неговиот развој, но не биле доволно храбри да го прифатат тоа. На 7 годишна возраст е однесен во Заводот за ментално здравје, каде што е дијагностициран со умерена интелектуална попреченост и хиперактивно однесување.  Неговите родители се грижеле за него, како и неговите баба и дедо.

Дадени им се насоки за Марко да посетува дефектолошки и логопедски третман, но немаат финансиски средства за да му го овозможат тоа.

На 10 годишна возраст Марко сеуште не е опфатен со некоја форма на системска поддршка. Неговите баба и дедо починале, а неговите родители немале време да се грижат за него, бидејќи се вработиле.

Марко поголемиот дел од денот го поминува дома со жена која го чува и ги чека неговите да се вратат дома. Бидејќи не му е укажана стручна помош тој е целосно зависен од помошта на друго лице и хиперактивното однесување се потенцира во периодот на пубертет.

**1. Во случајот на Марко, врз основа на наод и мислење од стручен орган, решение за  видот и степенот на попреченост донесува:**

**2. Врз основа на донесено Решение за  видот и степенот на попреченост, Марко е евидентиран како лице со пречки во развојот во:**

**3. Родителот на Марко, може да користи право на парична помош од социјална заштита  и тоа:**

**4**. **Центарот за социјална работа може да го упати Марко да ги користи следните услуги од вонинституционална заштита:**

**5. Во дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост, на Марко му се обезбедува:**

**СТУДИЈА БР.8**

Мила има десет години и е ученичка во четврто одделение. Таа живее со своето семејство (мајка, татко и двајца помали браќа) и повремено се грижи за своите браќа кога родителите се отсутни од дома. Во неколку наврати е сексуално злоупотребувана од соседот, кој живее во нивната зграда и добро се познава со нејзините родители. За злоупотребата и раскажала на својата мајка и заедно во полиција го пријавиле случајот. Во полициската станица од девојчето е земена изјава.

**1.При земање на изјава од дете жртва на сексуална злоупотреба во полициска станица присуството на стручен работник од центарот за социјална работе е:**

**2. Во судска постапка, доколку судијата одлучи да ги соочи детето жртва на сексуална злоупотреба и сторителот на кривичното дело, стручниот работник од центарот за социјална работа треба да:**

**3. Според Законот за правда за децата, Мила е:**

**4. Според Законот за правда за децата, Мила како дете жртва на кривично дело во полициската постапка има право на:**

**5. Според Законот за правда за децата, постапката пред судот и другите органите што учествуваат во постапката за помош и заштита за Мила, како дете жртва на кривично дело, се поведува:**

**СТУДИЈА БР.9**

Марко има 16 години и живее со своето семејство. Има помал брат, редовен е во училиште, исполнителен кон училишните обврски и постигнува одличен успех. Планира да го продолжи образованието, а посебен интерес покажува кон автомобилизмот и досега не е евидентиран во Центарот за социјална работа. Неговите родители не поседуваат возило. Една вечер, околу 22 часот Марко го забележал возилото на соседот, кое било оставено пред неговата порта, незаклучено и со клучевите оставени на контакт бравата. Бил поттикнат од желбата за возење и го земал возилото да се повози. Возел надвор од населбата, односно по селски пат, го удрил во дрво покрај патот и го оставил таму оштетеното возило. Наредното утро, соседот забележал дека му го нема возилото и за истото пријавил во полициска станица. Полицијата го пронашла возилото, го вратила на сопственикот, а Марко бил повикан на разговор во полициска станица.
Јавното обвинителство го известило центарот за социјална работа за настанот, со предлог за примена на мерки на помош и заштита. Во центарот за социјална работа Марко ја признал вината, жалел за настанот, но не знаел како да ја поправи грешката.

**1. Постапката на посредување во однос на надоместот на предизвиканата штета, во центарот за социјална работа може да трае најдолго:**

**2. Според Законот за правда за децата, при спроведувањето на мерките на помош и заштита во случајот на Марко, надзор над спроведувањето на планот со мерки и активности за индивидуална работа со Марко и неговите родители, врши:**

**3. Согласно Законот за правда за децата, мерките на помош и заштита што ќе ги преземе центарот за социјална работа кон Марко, може да траат:**

**4. Во случајот на Марко, според Процедурата за раководење со предмет, директорот/раководителот на одделение, во фазата на распределба, по утврдување на соодветноста на пријавувањето/упатувањето, го распределува предметот на одговорен стручен работник кој ги реализира следните активности:**

**5. Според Процедурата за правда за децата, евалуацијата на планот за Марко, се спроведува:**

**СТУДИЈА БР.10**

Драга има единаесет години и е ученичка во петто одделение. Таа живее со своето семејство (мајка, татко и помал брат). Во неколку наврати е сексуално злоупотребувана од вујкото, кој живее на горниот спрат од куќата. За злоупотребата и раскажала на својата мајка, која не и верувала и мислела дека тоа се детски измислици и фантазии, со цел да и наштети на неа и нејзиниот однос со братот, бидејќи истиот не бил во добри односи со таткото на Драга. Еден ден таткото се враќа порано од работа и ги затекнува вујкото и Драга, и она што го видел го пријавува во полициска станица. Во полициската станица од Драга е земена изјава.

**1. При земање на изјава од дете жртва на сексуална злоупотреба во полициска станица присуството на стручен работник од центарот за социјална работа е:**

**2. Во судска постапка доколку судијата одлучи да ги соочи детето жртва на сексуална злоупотреба и сторителот на кривичното дело, стручниот работник од центарот за социјална работа треба:**

**3. Според Законот за правда за децата, Драга е:**

**4. Според Законот за правда за децата, Драга како дете жртва на кривично дело во полициската постапка има право на:**

**5. Според Процедурата за раководење со предмет, степенот на ризик во кој се наоѓа Драга, во потреба од заштита поради неисполнување на нејзините потреби е од:**

**СТУДИЈА БР. 11**

Ристе има 17 години, живее со своето семејство, има помала сестра, и редовен во училиште, исполнителен кон училишните обврски и постигнува одличен успех. Има планови да го продолжи образованието, но посебно покажува интерес спрема професијата професионален возач.

Неговите родители поседуваат две возила.

Една вечер, околу 19 часот Ристе го забележал моторот на соседот, кој бил оставен пред неговата порта.

Ристе без размислување, понесен од желбата да се повози со убавиот мотор, го земал да се повози. Возел надвор од населбата, бил невнимателен и паднал од моторот, при што се повредил и го оштетил моторот. Било пријавено во полицијата, која го пронашла моторот, го вратила на сопственикот, а по санирање на повредите Ристе бил повикан на разговор во ПС.

Јавното обвинителство го известило центарот за социјална работа за настанот, со предлог за примена на мерки на помош и заштита.

Во центарот за социјална работа Ристе ја признал вината, жалел за настанот, но незнаел како да ја поправи грешката.

1. **Постапката на посредување во однос на надоместот на предизвиканата штета, во центарот за социјална работа може да трае најдолго :**

2. **Според Закононот за правда за децата , при спроведувањето на мерките на помош и заштита во случајот на Ристе, надзор над спроведувањето на планот со мерки и активности за индивидуална работа со Ристе и неговите родители, врши :**

3. **Согласно Законот за правда за децата, мерките на помош и заштита што ќе ги превземе центарот за социјална работа кон Ристе, можат да траат :**

4. **Во случајот на** Ристе, **според Процедура за раководење со предмет, директорот/раководителот на одделение, во фазата на распределба, по утврдување на соодветноста на пријавувањето/упатувањето, го распределува предметот на одговорен стручен работник кој ги реализира следните активности:**

5. **Според Процедурата за правда за децата, евалуацијата на планот за** Ристе**, се спроведува:**

**СТУДИЈА БР.12**

Јован и Стојна живеат во Прилеп, со нивните 2 деца во семејна куќа, со солидни услови за живеење. Јован е на возраст од 51 година, вработен со добри лични приходи, а Стојна на возраст од 46 години, домаќинка. Двајцата се со средно образование, двете деца се на училишна возраст и добри ученици. Сите членови на семејството се со добра здравствена состојба и заинтересирани да згрижат дете со умерена попреченост во нивното семејство.

Брачниот пар поднел барање до центар за социјална работа, како заинтересирани за згрижување на деца во своето семејство.

1. **Кој орган врши избор на згрижувачко семејство:**

2. **Каков вид на надоместок ќе добие згрижувачкото семејство на Јован и Стојна:**

3. **Семејството на Јован и Стојна ќе се стекне со статус на згрижувачко семејство врз основа на:**
4. **Според Законот за социјалната заштита, исполнетоста на критериумите за вршење на згрижување во семејството на Јован и Стојна, ќе се направи врз основа на:**

5. **Според Процедури за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство, проценката на семејството на Јован и Стојна за згрижувачкото семејство, ќе ја направи:**

**СТУДИЈА БР. 13**

Во центарот за социјална работа во Штип, се пријавува семејството Николови, заинересирани за згрижување на деца. Горан (50) и Јованка (45) живеат во село близу Штип и имаат едно дете, на возраст од 12 години. Горан е вработен во селската продавница и прима плата од 12000 денари, а Јованка е невработена подолго време. Живеат во куќа наприземје, со површина од 150 метри квадратни.

Во меѓувреме слушнале за кампањата за згрижувачко семејство и за таа цел се обраќаат во центарот.

Со нив живее и мајката на Јованка. Таа е пензионер на возраст од 75 години и по преживеаниот мозочен удар, воопшто не е подвижна.

1. **Според Процедури за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство, Горан и Јованка слушнале за кампањата за згрижувачко семејство, како резултат на тоа што, центарот за социјална работа од Штип, за развој на мрежа на згрижувачки семејства на локално ниво, реализирал:**

2. **Според Процедури за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство, семејството Николови, кои сакаат да бидат згрижувачи, во центарот за социјална работа се информираат за:**

3. **Кој ќе го изврши изборот на згрижувачкото семејство:**

4. **Доколку Јованка и Горан бидат избрани за згрижувачи, каков вид на надоместок можат да добијат, согласно закон:**

5. **По извршениот увид во домот на семејството Николови, и констатација дека мајката на Јованка е неподвижна, центарот може ги упати дека имаат право да поднесат барање за остварување на право на:**

**СТУДИЈА БР. 14**

Сандра и Тоше живеат во Струмица. Тие немаат деца и живеат со мајката на Тоше, во семејна куќа, со солидни услови за живеење.

Тоше е на возраст од 40 години, вработен, со солиден приход за издржување на семејството и дополнителен приход од изнајмување на деловен простор.

Сандра е на возраст од 35 години, со високо образование, но невработена. Истата по професија е психолог и често разговара со својата свекрва, за нејзината потреба од дружење со стари лица на нејзина возраст.

Сандра се обратила до центарот за социјална работа, за да се информира околу можностите за упатување на нејзината свекрва во дневниот центар за стари лица во Струмица и таму дознала за кампањата за згрижувачко семејство и можноста таа да биде згрижувач на други стари лица, од една страна и од друга страна да и обезбеди друштво на својата свекрва.

По консултации со Тоше и нејзината свекрва, тие се пријавуваат во центарот со барање за сместување на стари лица во нивното семејство.

1. **Кој ќе го изврши изборот на згрижувачкото семејство:**

2. **Каков вид на надоместок ќе добие згрижувачкото семејство на Сандра и Тоше, доколку смести стари лица:**

3. **Врз основа на кој документ ќе се смести старо лице во семејството:**

4. **Според Процедури за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство, Сандра и Тоше, кои сакаат да бидат згрижувачи, започнуваат постапка со:**

5. **Според Процедури за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство, стручниот тим при проценката на згрижувачкото семејство, треба да реализира најмалку еден увид во семејството на Сандра и Тоше и секој член на стручниот тим треба да реализира:**

**СТУДИЈА БР. 15**

Елена има 13 години. Живее со својот татко, со бабата по татко и со помала сестра во Скопје. Мајка и е почината при породувањето со второто дете. Кога таткото е на работа за децата се грижи нивната баба.

Елена постојано отсуствува од училиштето, има слаб успех и негативно поведение. Кога бега од часовите бесцелно шета по улиците и по околните продавници. Во неколку наврати сторила ситни кражби од своите соученици во класот, но по интервенција на стручните лица во училиштето, Елена ги враќа украдените предмети, но не чувствува вина за стореното.

Во комуникација со возрасните покажува агресивност и непочитување. Ниту таткото, ниту бабата немаат капацитети да се справат со однесувањето на Елена.

Во последно време се враќа дома во раните утрински часови, во алкохолизирана состојба, покажува нетолерантност спрема семејството, наставниците и врсниците и се почесто отсуствува од дома.

Центарот за социјална работа постапувајќи по пријавите од училиштето, преземајќи мерки за помош и заштита на Елена, одлучува дека во нејзин најдобар интерес е да ја смести Елена во установа за социјална заштита.

1. **Според Законот за социјална заштита , центарот за социјална работа може да ја примени следната форма на институционална заштита со Елена:**

2. **Сместување во установа за деца и младинци со воспитно-социјални проблеми, се врши со:**

3. **Во случајот на Елена, решението за сместување во установа ќе го донесе:**

4. **Според Процедурите за постапување при сместување на корисник во установа за социјална заштита, центарот за социјална работа, согласно активностите во Планот за индивидуална работа со Елена, сместувањето и заштитата на Елена, во установата, ќе го следи преку:**

**5.Според Процедурите за постапување при сместување на корисник во установа за социјална заштита, при сместувањето на Елена во установа за социјална заштита, покрај тоа што се доставува стручна и лична документација за Елена, се изготвува и:**

**СТУДИЈА БР. 16**

Игор има 15 години. Живее со својата мајка, со бабата по татко и со помал брат во Кичево. Татко му е починат во соообраќајна несреќа, кога Игор имал 3 години. Домаќинството користи право на социјална парична помош.

Игор од пред една година почнал да се дружи со возрасни лица, кои навечер доаѓаат во училиштето и го наведуваат на ситни кражби и слични криминални дејствија. Во неколку наврати користел марихуана.

Во последно време се враќа дома во раните утрински часови, покажува нетолерантност спрема семејството, наставниците и врсниците и се почесто отсуствува од дома.

Центарот за социјална работа постапувајќи по пријавите од училиштето, преземајќи мерки за помош и заштита на Игор, одлучува во негов најдобар интерес да го смести Игор во установа за социјална заштита.

**1. Според Законот за социјална заштита, центарот за социјална работа може да ја примени следната форма на институционална заштита со Игор:**

**2.Сместување во установа за деца и младинци со воспитно-социјални проблеми, се врши со:**

**3. Во случајот на Игор, решението за сместување во установа го донесува:**

**4.Доколку Игор остане во семејството и е редовен ученик, домаќинството за него може да се оствари право на:**

**5. Ова домаќинство, како материјално необезбедено, освен правото на социјална парична помош, може да оствари и право на:**

**СТУДИЈА БР. 17**

Во центарот за социјална работа во Охрид, се пријавува четиричленото семејството Попоски, со барање за остварување на право за социјална парична помош. Сите членови на семејството се полнолетни, невработени, станбено и материјално необезбедени.

Веќе подолг период односите во семејството се нарушени, од причини што постариот син Дарко злоупотребува дрога и во моментите на криза често пати знае да предизвика физичка пресметка и расправија со домашните членови на семејството, со соседите, па дури и да ја оштети покуќнината.

Бидејќи семејството се наоѓа во тешка материјална состојба и нема можност да му дава пари на Дарко, за набавка на дрога, истиот одзема предмети за домаќинство и ги препродава.

По поднесеното барање, стручни работници вршат увид во домаќинството и ја констатираат зависноста на Дарко, од дрога и проблемите со кои се соочува ова семејство, поради горенаведениот ризик..

**1. Центарот за социјална работа, врз основа на констатираната зависност на Дарко од дрога, може да го упати Дарко да користи услуги на вонинституционална заштита во:**

**2. Доколку семејството на Дарко поднесе барање за остварување на еднократна парична помош заради тешката материјална и социјалниот ризик кој не остава трајни последици, висината на помошта во конкретниот случај изнесува :**

**3. За барањето за остварување на право на еднократна парична помош во случајот на семејството Попоски, во прв степен одлучува:**

**4.Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции и прекурзори на Дарко и членовите на неговото семејство им обезбедува:**

**5.Според Процедура за раководење со предмет, секој стручен работник - член на стручниот тим во рамки на проценката на Дарко, треба да реализира:**

**СТУДИЈА БР. 18**

Во центарот за социјална работа во Охрид, се пријавува трочлено семејството Спироски, со барање за остварување на право за социјална парична помош. Сите членови на семејството се полнолетни, невработени, станбено и материјално необезбедени и немаат движен и недвижен имот, како и немаат материјални примања.

Односите во семејството Спироски се нарушени, од причини што мајката Снежана подолг период боледува и има потреба од оперативен зафат, а неможе да го направи поради немање на доволно средства. Истата, поради болеста не е функционална во семејната средина.

За домаќинството се грижи исклучиво сопругот Петар, кој ја презема улогата во семејството околу хигиената, храната и останатите потреби.

Нивниот син Миле, кој има 21 година, воопшто не му помага на таткото, често е отсутен од дома, и користи хероин.

Петар, неможејќи да се справи со домашните обврски, како и немањето на средства за егзистенција, се обраќа за помош до центарот за социјална работа Охрид.

**1.Центарот за социјална работа, врз основа на констатираната зависност на Миле од дрога, може да го упати Миле да користи услуги на вонинституционална заштита во:**

**2. Доколку Снежана поднесе барање за остварување на еднократна парична помош, со потребната документација за оперативен зафат и центарот одлучи да и го овозможи ова право, висината на истото во конкретниот случај изнесува:**

**3.За барањето за остварување на право на еднократна парична помош во случајот на Снежана, во прв степен одлучува:**

**4. Според Процедура за раководење со предмет, при подготвување на планот за индивидуална работа со Миле, стручните лица соработуваат:**

**5. Според Процедура за раководење со предмет, целта на ревидирањето на Планот за индивидуална работа со Миле, е да се провери ефективноста и ефикасноста на планот, да се измени истиот доколку е потребно или:**

**СТУДИЈА БР. 19**

Марика има 14 години, и потекнува од планинско село. Таа е дете без родители и родителска грижа, бидејќи нејзините родители починале во сообраќајна несреќа.

Израснала со нејзиниот дедо, која сега има 73 години, пензионер, со пензија во износ од 10.000 денари. Дедото во последните 2 години е неподвижен, со нарушена здравствена состојба. За него постојано дсе грижи Марика, која одела и на училиште во соседното село. Таа немала друштво на нејзина возраст во селото, а немала ни пристап до интернет. На училиште често е исмејувана од другарите дека незнае да користи интернет, дека не се облекува модерно и нема свое друштво.

Пред неколку месеци Марика отишла на гости кај другарка во соседното село, каде имало игранка. Таму се запознала со Бекир, кој имал 24 години и живеел во градот. Понесена од емоциите и од течкиот живот во кој само се грижи за дедото, заминала со Бекир во градот.

Тој и ветувал дека ќе и најде работа како манекенка, дека ќе носи убава скапа облека, но веднаш по пристигнувањето во градот, Бекир ја однел во некоја стара куќа и таму ја заклучил. ја оставил 2 дена без храна, а потоа ја принудувал за да добие храна да дава сексуални услуги на луѓето кои ги носел во куќата.

Во меѓувреме кај дедото доаѓа на посета подалечен роднина и дедото му кажува дека ја нема Марика и незнае каде е и зошто ја нема.

Роднината го пријавува во полиција исчезнувањето на Марика, полицијата ја пронаоѓа и го известува центарот за социјална работа.

**1. По добиеното известување од Министерството за внатрешни работи, во врска со Марика, како жртва на трговија со луѓе, центарот за социјална работа ги презема следните мерки за заштита на:**

**2. За старател на Марика, може да биде поставено:**

**3. По извршениот увид во домот на дедото и констатација дека тој е сам и неподвижен, центарот може дедото да го смести во:**

**4. По извршениот увид во домот на дедото и констатација дека тој е сам и неподвижен, центарот може по службена должност да поведе постапка за остварување на право на:**

**5.Според Процедурата за раководење со предмет, степенот на ризик во кој се наоѓа Марика е:**

**СТУДИЈА БР. 20**

Нико и Маја се во брак 15 години. Маја има 38 години, со високо образование, вработена во банка, а Нико има 41 година и работи како професор по музика во средно училиште. Живеат во центарот на Велес во сопствен стан од 70 м2, поседуваат и два автомобила и викендица во Дојран, која преку летниот период ја издаваат и остваруваат дополнителни приходи. Тие немаат свои деца и по неколку неуспешни обиди да станат родители, двајцата одлучиле да посвојат дете и започнале да се интересираат околу условите и потребната документација за посвојување.

**1. Во случајот на Маја и Нико, барање за посвојување се поднесува до:**

**2. Доколку Маја и Нико ги поднесат потребните документи за посвојување, истите имаат важност :**

**3. При приемот на барањето за посвојување на Маја и Нико, и по извршената проверка на документацијата и констатација дека истата е комплетна, копија од барањето заедно со копија од целокупниот предмет, Комисијата го доставува до месно надлежниот центар во рок од:**

**4. Доколку Маја и Нико поднесат барање за посвојување до Комисијата и истата го препрати барањето до Центарот за социјална работа Велес, стручниот тим од центарот врши :**

**5. Процената на подобноста на посвоителите и мотивите за посвојување преку континуирано следење на потенцијалните посвоители Маја и Нико, Центарот за социјална работа Велес го врши во период од:**

**СТУДИЈА БР. 21**

Надица има 21 година.Таа живее во Скопје и студира медицина.Надица имала голема желба да стане лекар и по дипломирањето да оди на специјализација во странство. Во меѓувреме Надица забременила и родила дете, и сега мора сама да се грижи за детето, од причини што таткото на детето со кого претходно била во врска 3 години, ја напуштил. Тој, кога дознал за бременоста на Надица, и понудил да склучат брак и заедно да се грижат за нивното дете. Меѓутоа, по извесен период кога Надица веќе била во четвртиот месец од бременоста, и се подготвувале за склучување на брак , ја напуштил Надица без никакво известување и заминал во непознат правец. Надица останала сама , без средства за егзистенција.Нејзините родители не ја прифаќаат со дете, по што Надица веднаш по породувањето одлучува да го даде детето на посвојување.Центарот за социјална работа Скопје започнува постапка за сместување на детето на Надица.

**1.Центарот за социјална работа Скопје, ќе го смести детето на Надица во:**

**2.За сместувањето на детето на Надица во институција, во рок од 5 дена од сместувањето на детето, Центарот за социјална работа Скопје писмено ќе го извести:**

**3.За да може да биде дадено на посвојување детето на Надица, освен нејзина согласност:**

**4.Доколку детето на Надица биде сместено во Установа за сместување на доенчиња и мали деца без родители и родителска грижа до тригодишна возраст, Установата на детето ќе му обезбеди:**

**5.Откако Надица изјавила дека ќе го даде детето на посвојување, а надлежниот центар одлучи да го смести во Установа, детето ќе:**

**СТУДИЈА БР. 22**

Дино е на возраст од 9 години, физички слаб, со нарушено здравје и оддава изглед на многу помало дете.Живее со таткото во Скопје и две помали братчиња на возраст од 7 и 8 години.Семејството нема пари да се прехрани.Единствен приход е социјалната парична помош.Живеат во напуштена куќа покрај железничката станица, без прозори и покуќнина.Немаат греење, ниту соодветна облека, па најчесто се оскудно облечени и боси. Родителот нема начин како да се справи со тешката материјална положба во која се наоѓаат. Децата се гладни и поголемиот дел од времето наместо на училиште, го поминуваат на улица, по уличните семафори и питачат за да можат да си купат храна за тој ден. Случајот е пријавен во центарот за социјална работа од страна соседите од околните згради, кои им помагаат на децата со храна и облека, по што центарот започнува постапка.

**1. Центарот за социјална работа Скопје, може да покрене постапка заради одземање на родителското право на таткото на Дино поради:**

**2. Центарот за социјална работа Скопје, може да го упати Дино и членовите на неговото семејство, да ги користи услугите на:**

**3. Доколку Дино и членовите на неговото семејство бидат упатени во Дневен центар за улични деца- деца на улица, таму ќе им биде обезбедено:**

**4. Доколку, со решение на судот на таткото на Дино му биде одземено вршењето на родителското право во однос на сите деца, и се утврди дека Дино и неговите браќа треба да бидат сместени во Установа, Центарот за социјална работа Скопје, со решение ќе ги смести децата во:**

**5. Во случај на таткото на Дино да му биде одземено вршењето на родителското право,со одлука на судот истото може да му биде вратено, кога ќе престане причината поради која му било одземено.Предлог за враќање на родителското право на таткото на Дино може да поднесе:**

**СТУДИЈА БР. 23**

Диме, по смртта на својата сопруга сам се грижи за своето малолетно дете Марко на возраст од 15 години. Диме бил вработен до пред една година, а неговата сопруга никогаш не била вработена. По смртта на сопругата, Диме морал да се грижи за Марко, бидејќи нема блиски сродници кои можеле да му помогнат, поради што морал да ја напушти работата. Семејството живее во Кочани, во станбен простор од две соби, адаптирани и приспособени за нив, но во лоши хигиенски услови. Не поседуваат имот на свое име и немаат никакви приходи за издржување. Како резултат на семејната состојба, Марко бега од часови, се враќа дома доцна навечер. Денот го поминува со другари од соседството кои лошо влијаат на неговото однесување и заедно вршат ситни кражби во околните куќи. За кражба на радио апарат од патничко возило, на Марко му е изречена воспитна мерка - упатување во установа за деца и младинци со нарушено поведение.

**1.Во Установа за деца и младинци со нарушено поведение може да се смести малолетно лица на возраст од:**

**2. Ова домаќинство, како материјално необезбедено, може да оствари право на:**

**3.Доколку Диме поднесе барање за остварување на право на еднократна парична помош, во прв степен одлучува:**

**4.Доколку по барањето на Диме за остварување на** правото на еднократна парична помош, **центар за социјална работа Кочани донесе решение за одбивање на истото, по жалбата на Диме ќе решава:**

**5. Доколку по барањето на Диме за остварување на** правото на социјална парична помош, **центарот за социјална работа Кочани донесе решение за уважување на истото, Диме ќе го оствари правото од:**

**СТУДИЈА БР. 24**

Соња има 43 години, живее во Струмица и работи во приватна фирма. Живее под кирија, со својата ќерка Ана на возраст од 9 години.

По разводот на Соња од сопругот Жарко, малолетната ќерка Ана, е доверена на чување и воспитување кај Соња, додека сопругот е задолжен со издршка во износ од 1500 денари, која нередовно ја плаќа. Жарко остварува лични односи и непосредни контакти со Ана, согласно решение на цср.

Во неколку наврати Соња го опоменува Жарко навремено да ја плаќа издршката за Ана и му укажува дека може да побара од центарот за социјална работа да му ги ограничи видувањата со ќерката, доколку не ја регулира обврската.

Тогаш Жарко видно изнервиран ја удира Соња со тупаница, при што и го крши носот. Соња раскрвавена оди во болница, каде што дежурниот лекар пријавува во полиција, а полицијата го известува центарот за социјална работа.

Додека мајката е во болница, Ана е кај своите баба и дедо по мајка.

1. **Бидејќи Жарко редовно не дава издршка за Ана, центарот за социјална работа може да донесе решение со кое на Жарко ќе му го ограничи правото да одржува лични односи и непосредни контакти, доколку Жарко не дал издршка:**

2. **По барање на** Соња**, поради извршено семејно насилство, центарот за социјална работа, може да ги смести** Соња **и Ана во:**

3. **Доколку** Соња **и Ана се сместат во центарот за лица – жртви на семејно насилство, ќе им се обезбеди:**

4. **Доколку Соња поднесе барање за остварување на еднократна парична помош како лице жртва на семејно насилство,за обезбедување на итна заштита и згрижување, износот на еднократната парична помош може да изнесува до:**

5. **Доколку Соња поднесе барање за остварување на право на еднократна парична помош, во прв степен одлучува:**

**СТУДИЈА БР. 25**

Анастасија на 17 годишна возраст ја родила ќерката Симона од вонбрачна врска со Марко. Родителите на Анастасија ја кријат нејзината бременост од средината во која живеат, испраќајќи ја Анастасија да живее и учи во Скопје, каде имаат стан. По нејзиното породување, Анастасија одлучила Симона да ја даде на посвојување. Марко не ја прифаќа својата одговорност за детето и не го признал татковството. Марко повеќе од девет месеци е заминат во странство и не му се знае престојувалиштето. За цел овој период Анастасија и Марко воопшто немаат никаква комуникација.

Веднаш по раѓањето, Симона е сместена во ЈУ Дом за доенчиња и мали деца без родители и родителска грижа до три годишна возраст.

Детето е запишано во Регистарот за посвоеници и во тек е постапка за нејзино посвојување од заинтересирани посвоители.

**1. Според Законот за семејството, во постапката за посвојување на Симона, согласност се зема од:**

**2. Според Закон за семејството, за сместувањето на Симона во ЈУ Дом за доенчиња и мали деца без родители и родителска грижа до три годишна возраст, центарот за социјална работа писмено го известува:**

**3. Според Закон за семејството, во записникот и во решението за потполно посвојување на Симона, се внесуваат податоци за:**

**4. Според Закон за семејството, начинот на избор на посвоител по електронски пат го пропишува:**

**5. Според Закон за социјалната заштита, ЈУ Дом за доенчиња и мали деца, како установа за сместување на доенчиња и мали деца без родители и родителска грижа до тригодишна возраст обезбедува:**

**СТУДИЈА БР. 26**

Стојан и Вера од Крушево во континуитет се згрижувачи 15 години. Живеат со својата ќерка Зорица во сопствена куќа од 140 м2 и имаат солидни услови за живеење. Вера е на возраст од 50 години, со завршено средно образование, домаќинка и е згрижувач, додека Стојан е на возраст од 56 години и е вработен во општината со високо образование. Ќерката Зорица е на возраст од 23 години, и е студент на правен факултет.

Моментално во нивното семејство е сместено дете од Велес, Христина, на возраст од 17 години.

**1. Сместувањето на Христина во згрижувачкото семејство на Вера и Стојан се врши врз основа на:**

**2. Во згрижувачкото семејство на Вера и Стојан, во текот на петнаесетте години како згрижувачи, центарот за социјална работа Крушево, имајќи ги предвид условите и можностите за сместување на семејството истовремено можел да сместува најмногу:**

**3. Згрижувачот Вера на Христина и обезбедува:**

**4. За време на згрижување на лица во своето семејство, Вера како носител на згрижувачкото семејство добива:**

**5. Критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, видот на згрижувањето и обемот на услугата што се обезбедува на згриженото лице поблиску ги определува:**

**СТУДИЈА БР. 27**

Златко и Марија се во брак 7 години. Марија има 32 години, со високо образование, вработена во банка со месечни примања од 29 000 ден. Златко има 39 години и работи како професор на економски факултет со месечни примања од 42 000 ден. Имаат ќерка на возраст од 3 години. Живеат во центарот на Велес во сопствен стан од 86 м2, поседуваат два автомобила и викендица во Охрид, која преку летниот период ја издаваат и остваруваат дополнителни приходи.

Пред неколку дена им се родило дете со даунов сидром. Тие донеле одлука да достават барање за сместување на детето во установа, поради тоа што сметаат дека неможат да се грижат за детето поради работни обврски.

**1. Во случајот на Златко и Марија, барање за сместување во установа се поднесува до:**

**2. За сместување во установа за институционална заштита, решава:**

**3. Центарот за социјална работа Велес писмено го известува Заводот за социјални дејности Скопје за сместеното дете во институција во рок од:**

**4. Центарот постапката за остварување на правата од социјална заштита ја спроведува со:**

**5. Според Законот за социјалната заштита, видот и обемот на услугите кои се плаќаат од страна на корисниците и висината на учеството во трошоците на корисниците и лицата за сместување во установа од социјална заштита, со правилник ги утврдува:**

**СТУДИЈА БР. 28**

Петар е роден 1933 година и живее во с.Петровец. Тој е корисник на пензија од 9.700 денари месечно.

За себе отсекогаш се грижел сам, никогаш не се женел, нема свои деца, ниту блиски сродници.

Куќата во која сега живее Петар е сопственост на негова тетка, која многу одамна заминала со семејството во странство.Иако стар Петар до пред извесно време бил подвижен и сам си ги задоволувал егзистенцијалните потреби.

Соседите приметиле дека Петар веќе неколку дена не излегува од својот дом и не оди на пазарење. Кога го посетиле виделе дека тој лежи неподвижен во својот кревет и целосно изнемоштен.

Соседите го пријавуваат случајот во центарот за социјална работа.

**1. Стручен тим од ЦСР при увидот во домот на Петар, констатирал дека тој е сам и неподвижен, и како старо лице, одлучил да му ја овозможи следната институционална заштита:**

**2. Според Процедурата за раководење со предмет, степенот на ризик на Петар, во потреба од заштита поради неисполнување на неговите потреби е од:**

**3. Центарот по службена должност, поради неподвижноста на Петар, може да поведе постапка за остварување на право на:**

**4. Доколку за Петар се поведе постапка за остварување на право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, потребата за помош и нега од друго лице ја утврдува:**

**5.Според Процедурите за постапување при сместување на корисник во установа за социјална заштита, центарот за социјална работа, согласно активностите во Планот за индивидуална работа со корисник, сместувањето и заштитата на Петар во установата за стари лица, ќе го следи преку:**

**СТУДИЈА БР. 29**

Игор и Елена се во брак 8 години и имаат син Максим на возраст од 4 години. Живеат во стан, сопственост на родителите на Игор. Елена е домаќинка, а Игор бил вработен како возач. И ако неговото работно место не дозволувало употребува на алкохол, Игор секојдневно го консумирал, поради што останал без работа. Семејството останало без средства за егизстенција, а Игор се повеќе пиел, а под дејство на алкохолот започнал и да ја тепа Елена. Тоа траело скоро шест месеци, а Елена не кажувала на никој за настанатата ситуација, се до една вечер кога Игор во алкохолизирана состојба, ја нападнал Елена со тупаници по лицето, по што и го скршил носот, а Максим кој бил сведок на тоа, започнал силно да плаче, по што Игор му удрил две шлаканици и го турнал по скалите.
Елена целата облеана во крв, го зела Максим и отишла право во полициска станица да го пријави насилството.

**1.По пријавата на насилството во полициската станица, Елена има право да биде информирана од службените лица за:**

**2.По пријавата на семејно насилство од страна на Елена, центарот за социјална работа може да ги преземе следните мерки за заштита:**

**3. По предлог на центарот за социјална работа, судот може да му изрече привремени мерки за заштита на Игор кои може да траат :**

**4.Изречената мерка за заштита, по предлог на центарот за социјална работа односно на Елена, судот може да ја:**

**5.Извршувањето на изречената привремена мерка за заштита од семејно насилство го следи:**

**СТУДИЈА БР. 30**

Лиридон е дете на 15 годишна возраст и е ученик во втора година во средно училиште во Скопје, каде секојдневно патува бидејќи живее со неговата мајка Ибадет во рурална средина одалечена 20 километри од градот. Мајката е невработена, без оформено основно образование и не е описменета и со Лиридон живеат во заедничко домаќинство со нејзините родители кои се занимаваат со земјоделие. Родителите на Лиридон се разведени пред две години и тој е доверен кај мајката. Подолг период, уште додека траела брачната заедница таткото Сејфула заминал на работа во странство. Обврската за издршка согласно пресуда не ја исполува, смета дека износот е превисок и нереално определен, но повремено партиципира во задоволување на одредени потреби на синот. Контактите помеѓу Лиридон и таткото се повремени кога тој доаѓа во Р.Македонија. Родителите одржуваат комуникација, иако мајката се повеќе изразува незадоволство поради тоа што таткото не ја плаќа издршката и се противи Лиридон да контактира со баба и дедо по татко кои живеат во Гостивар. Таткото за време на неколкудневен престој во Р.Македонија се обрати до центарот за социјална работа со барање да се уредат контакти помеѓу Лиридон и неговите родители. Најавува дека во следната година ќе нема можност да патува во Р.Македонија бидејќи во тој период ќе работи на платформа и изјави дека по тоа планира да се врати и да побара Лиридон да му биде доверен

**1. По барањето на Сејфула за одржување на лични односи и непосредни контакти на Лиридон со бабата и дедото по татко, центарот за социјална работа ќе ја повика мајката и ќе ја информира дека:**

**2. Доколку Сејфула и Ибадет во период од два месеци не се спогодат околу барањето на таткото за контактите на Лиридон со бабата и дедото по татко, центарот за социјална работа:**

**3. Во предметот на Лиридон, таткото најави дека размислува за одреден период тој да му биде доверен на него. Постапката за измена на судската одлука за чување и воспитение на Лиридон пред надлежниот суд може да се покрене:**

4. **Таткото Сејфула смета дека определената издршка е паушална и неоснована. Во постапката судот кога ја определил издршката за детето ја земал предвид:**

**5. Во постапувањето по предметот на малолетниот Лиридон, стручните лица во центарот за социјална работа го почитуваат Кодексот за стручни лица во установите за социјална заштита така што :**